**Регионални центри за поддршка на социјални претпријатија - Повик за апликации**

**КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР**

Критериумите за избор на регионалните центри за поддршка на социјалните претпријатија се развиени и финализирани во тесна соработка со Корисникот- Министерството за труд и социјална политика со цел да се користат во процесот на евалуација за избирање на 8 регионални центри во Скопје, Охрид, Струмица, Битола, Тетово, Велес, Куманово и Штип на коишто ќе им се обезбеди соодветна поддршка за време на спроведување на проектот.

**Квалификувани апликанти се оние кои претставуваат една од долу споменатите правни форми:**

- Здружение коешто врши економски активности
- Фондација за водење економски активности
- Д.О.О. (компанија ограничена со гаранција) основана од здружение или фондација
- Задруга
- Јавна агенција
- Локална општина

**Критериумите за избор и бодувањето се како што следува:**

**1.Физички капацитет - <u>Мин.5. - Макс. 20 поени</u>**
Субјектот кандидат ќе биде избран врз основа на капацитетот да обезбеди простор за работа со клиенти - овој критериум е поврзан со обезбедување опрема и простор за организирање на информативни сесии, состаноци и обуки со потенцијални и постоечки социјални претпријатија. Потенцијалниот кандидат треба да има опремена просторија за состаноци/ простории за идните сесии за градење капацитети.

**<u>2.Човечки капитал - Мин.5. - Макс. 20 поени</u>**
Субјектот кандидат ќе биде избран врз основа на можноста да се обезбедат компетентни членови на персоналот и човечки капитал за поддршка на постоечките иницијативи за социјално претприемништво. Потенцијалниот кандидат треба да има обучен и компетентен персонал кој ќе подготвува идни семинари за едукација, обуки, индивидуално советување и советување за градење на капацитети и зајакнување на социјалните претпријатија, граѓанските организации, задругите и малите и средни претпријатија.

**<u>3.Градење локални партнерства за социјална инклузија - Мин.5. - Макс. 20 поени</u>**
Апликантот треба да покаже солидно искуство за воспоставување на локални и национални партнерства и истовремено да изрази подготвеност да ги спроведе своите идни активности во соработка со други партнери, како што се локални општини, приватни компании, граѓански организации итн. и треба да придонесе за социјална кохезија во заедницата преку градење локални партнерства.

**<u>4.Организациска и финансиска одржливост - Мин.5. - Макс. 20 поени</u>**
Апликантот треба да покаже способност за финансиска одржливост откако ќе заврши проектот „***Поддршка на социјалните претпријатија***“ *(*со помош на кој ресурсите беа создадени преку продажба на производи/услуги, обезбедување услуги или изводливи иницијативи за социјално претприемништво, напори за собирање средства за идна одржливост на регионалните центри за поддршка на социјалните претпријатија). Важно е апликантот да покаже способност да препознава и поддржува разни бизнис модели за создавање на идна одржливост.

This project is funded by the European Union

**5.Релевантно искуство на апликантот - Мин.5. - Макс. 20 поени**

Апликантот може да демонстрира соодветно искуство, компетенции и подготвеност за поддршка на социјалните претпријатија, ГО, задруги, МСП. Во овој поглед, апликантот ќе биде избран врз основа на видот на обезбедената поддршка и бројот на поддржани субјекти, вклучувајќи го и бројот и видот на проектите што се спроведуваат или се спроведувани во периодот од 2018 година и понатаму.

**Процедура за евалуација**

- Максимален резултат (вкупен број на поени) за изборот е 100 поени;
- Сите квалификувани кандидати ќе бидат интервјуирани;
- Конечна листа од 8 кандидати субјекти ќе бидат избрани како регионални центри за поддршка на социјалните претпријатија што ќе бидат поддржани во рамките на проектот „Поддршка на социјалните претпријатија";
- На избраните кандидати ќе им биде испратено посебно писмо за да ги известат за идните чекори на постапката;
- Одлука на Комисијата за евалуација: Жири од 5 експерти, вклучително и проектниот тим, претставници на МТСП и мрежата на СП ќе ги оценат испратените апликации според споменатото бодување;
- Од избраните кандидати ќе биде побарано да дадат кратка презентација на субјектот, структурата и активностите дадени во "pitch" формат. Комисијата за евалуација може да постави дополнителни прашања и да побара појаснувања во однос на Образецот за идентификација. Интервјуто ќе се спроведе на англиски јазик.

**Забелешка:**

Основните критериуми што избраните регионални контакт центри треба да ги следат во нивната идна работа за поддршка на иницијативите за социјално претпријатие се дефинирани врз основа на дефиницијата на ЕУ:

- Организацијата мора да се занимава со постојана економска активност на производство и/или размена на стоки и/или услуги;
- Таа мора да следи јасна и примарна општествено-корисна социјална цел;
- Мора да има ограничувања на распределбата на профитот и/или средствата; целта на ваквите ограничувања е да се даде приоритет на социјалната цел пред остварувањето профит;
- Мора да биде независно тело, да има организациска автономија од државата и другите традиционални профитни организации;
- Мора да има инклузивно управување кое се карактеризира со партиципативно и/или демократско носење на одлуки.

EU with YOU

This project is funded by the European Union